ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**
**за организирање на Повторна Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт З 06, Блок 06, Општина Карпош**

Повторната Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт З 06, Блок 06, Општина Карпош, ќе се одржи од 31.08.2023 до 06.09.2023 година, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош, Скопје.

Повторната Јавна презентација по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт З 06, Блок 06, Општина Карпош, ќе се одржи на 31.08.2023 година, во 13.00 часот, во просториите на Општина Карпош.

Планскиот опфат кој е предмет на уредување со овој Детален урбанистички план, зафаќа површина од 2.48 ха и неговата местоположба е дефинирана во рамките на следните граници:

- на север со улицата „Прашка",
- на исток со улицата "6",
- на југ со транзитна магистрала булевар „Македонија",
- на запад улица „7".

Анкетните листови за учество на Повторната Јавна анкета ќе бидат во просториите на Општина Карпош.

Соопштението за организирање на Повторната Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт З 06, Блок 06, Општина Карпош, со подетални информации за истиот ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да доставаат писмени забелешки на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски